View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

# CONDITIONS AND PERSPECTIVES OF UNIVERSITY SPORT IN MACEDONIA AND OTHER BALCAN COUNTRIES

**[1]Assis. Prof. Biljana Popeska Ph.D**
**[2]Assoc. Prof. Snezana Jovanova Mitkovska Ph.D**
**[3]Trajco Dimkov**
**[4]Full prof. Nikola Smilkov**

**[1,2,3] University Goce Delcev -Stip, Republic of Macedonia**
[1]biljana.popeska@ugd.edu.mk; [2]snezana.jovanova@ugd.edu.mk

**Abstract:** University sport is necessity in contemporary time of living. It is a logical consequence in the institutional system of sport education of the youth. Different forms of sport and physical education implemented in university education remain a spring board for involvement in sport and physical activity during all life span. From the other hand, involvement in sport and sports activities at the universities is a last possibility for institutional activity in order to develop the conches' and habits for healthy active lifestyle. Therefore, the need for its systematic development and organization as well as greater involvement of all subjects in direction of promotion of health and physical activity. In this paper we made an analyses of low legislatives for foundation of university sport in Serbia, Slovenia, Bulgaria and Croatia, compared with the current situation in Macedonia with special emphasis of organization of sport at Goce Delcev University in Stip, Macedonia. Based on this analyses we suggested a numerous of measures for improvement and development of sport at the universities.

**Key words:** higher education, sport activities, low legislative, analyses

# СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕКОИ БАЛКАНСКИ ЗЕМЈИ СО ОСВРТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

**[1]Доц. д-р Билјана Попеска**
**[2]Вонр.проф. д-р Снежана Јованова Митковска**
**[3]Трајчо Димков**
**[4]Проф.д-р Никола Смилков**

**[1,2,3] Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, Република Македонија**
[1]biljana.popeska@ugd.edu.mk; [2]snezana.jovanova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Универзитетскиот спорт е неминовност на современото време и современиот живот. Истиот претставува логична последица во институционалниот систем на спортското воспитание на младите Различните форми на спортот и физичкото образование имплементирани во универзитетското образование се отскочна даска за вклучување во спортот и физичка активност во тек на целиот живот. Од друга страна, вклучувањето во спорт и спортски активности на универзитетите претставува последна можност за институционално делување во насока на развивање на свеста и потребата за редовна физичка активност и стекнување на навики за здрав и активен живот. Оттука потребата од негово системско развивање и организирање како и поголемо вклучување на сите субјекти, во насока на промоција на здравјето и активниот живот на студентите. Во трудот е направена теоретска анализа на законските одредби за поставеноста на универзитетскиот спорт во Србија, Словенија, Бугарија и Хрватска, споредено со состојбите во Република Македонија и посебен акцент на организацијата на спиртот на Универзотет „Гоце Делчев“. Врз основа на оваа аналзиа предложени се низа мерки за унапредување и развој на спортот на универзитетите.

**Клучни зборови**: високо образование, спортски активности, законска регулатива, анализа

## 1. ВОВЕД

Студирањето, односно започнувањето со универзитетски студии претставува еден нов чекор во животот на секој млад човек. Тоа не е само ново скалило во образовниот систем и нов чекор во образованието на поединецот. Студирањето претставува чекор кон формирање на комплетна, компетентна и општествено одговорна личност подготвена да се носи со личните и општествените одговорности, да го понесе товарот на предизвиците на модерното време и соодветно да одговори на истите. Во таа насока, Универзитетот и неговите факултети потребно е да овозможат севкупно образование, образование кое ги надминува чисто академските знаења и нуди можност за сестран развој на личноста на идните граѓани на светот преку вклучување во бројни спортски, музички, драмски, театарски и останати културни и студентски активности како чекор кон формирање на комплетна личност. Една од формите преку која факултетот и универзитетите можат да влијаат врз формирањето на комплетни личности, академски граѓани подготвени да се носат со сите животни предизвици е спортот. Спортот на универзитетите претставува логична последица во институционалниот систем на спортското воспитание на младите. Во насока на оваа определба и согласно она што е презентирано во Белиот документ за Спорт на Комисијата на Европските Заедници „Вредностите кои се добиваат преку спортот помагаат во развој на знаењето, мотивацијата, способностите и подготвеноста за лични постигнувања. Времето поминато во спортски активности во училиштата и на Универзитетите овозможува здравствени и едукативни придобивки кои треба да се подобрат (European Communities 2007, presented in Petry, Froberg, Madella, & Tokarski, 2008). Ова значи дека спортот и физичкото образование имплементирани во образовниот систем се отскочна даска за вклучување во спортот и физичка активност во тек на целиот живот. Од друга страна, вклучувањето во спорт и спортски активности на универзитетите претставува последна можност за институционално делување во насока на развивање на свеста и потребата за редовна физичка активност и стекнување на навики за здрав и активен живот.

Заложбите за зголемена физичка активност и вклучување во спортски активности во текот на студирањето, се резултат на залагањата за надминување на физичката неактивност која според бројни истражувања има тренд на опаѓање во периодот на студирањето (Nuviala, Gómez-López, Pérez Turpin, & Nuviala, 2011; Tappe. & Cburgeson, 2004; Stone, et al. 1998; Buckworth, & Nigg, 2004; Andrijasevic, Pausic, Bavcevic, & Ciliga, 2005; Colleen, et al, 2013, Popeska, Ignatov, & Sivevska, 2015). Причините за ова се лоцираат во намалениот интерс за спорт, зголемените академски обврски и барања, промената на средината и бројни други фактори, Ова намалување на степенот на физиката активност кај студентската популација резултира со зголемување на дебелината, здравствени проблеми, низок степен на самодоверба, анксиозност и слично (Andrijašević, Paušić, Bavčević, & Ciliga, 2005; Brkljaćić, et al., 2012). Во насока на негативните ефекти од физичката неактивност во однос на здравјето се и информациите од извештаите на Светската здравствена организација според кој, физичката неактивност е идентификувана како четврти по ред ризик фактор за смртност кај луѓето со 6% од смртноста на глобално ниво, веднаш по високиот крвен притисок (13%), употребата на цигари (9%) и високиот шеќер (6%). Приближно 3.2 милиони луѓе умираат секоја година како резултат на физичка неактивност. Зголемената телесна тежина и дебелината кои често се резултат на физичка неактивност се одговорни за 5% од смртноста на луѓето на глобално ниво. Во глобални рамки, едно од три возрасни лица се недоволно активни (WHO, 2004). Оваа реална состојба е спротивна на развојните законитости според кои студентската популација согласно развојните карактеристики и тенденции, онтогенетски се наоѓа на врвот на својот физички, моторички, функционален и психолошки развој Haywood, & Getchell,2004; Malina, Bouchard, Bar & Or, 2004). Во овој период сите развојни процеси се завршени, функции се зацврстени и се достигнува максимумот во манифестацијата на сите човекови потенцијали – интелектуални и физички Malina, et al, 2004; Kukolj, 2006; Jovanovski, 2013) .

Сите претходно наведени аспекти, односно онтогенетски развојно дефинираните можности кои го достигнуваат својот максимум во периодот на студирањето наспроти зголемените академските обврски како една од причините за физичка неактивност која сама по себе носи многу негативни последици во однос на здравјето, ја активираат позицијата на Универзитетот во продолжување на трендот на редовна физичка активност во рамките на институционалниот образовен систем. Оттука се наметнува и потребата за комплетно развиен и организиран систем на Универзитетски спорт во сите негови манифестни форми што ќе овозможи стекнување на сознанија и навики за активен начин на живот.во насока на промовирање на вистински и високи животни вредности со цел одржување на студентот и неговите потреби во центарот на својот интерес.

Имајќи ја предвид важноста на спортот на универзитетите за студентите, и универзитетите и државата во крајна линија, во трудот е направен теоретски осврт на законските регулативи и барања во однос на универзитетскиот спорт во Република Македонија и соседните земји како појдовна основа за натамошна детална анализа на состојбите и формите на развој на универзитетскиот спорт.

## 2. ФОРМИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ

Спортот на Универзитетите, односно Универзитетскиот спорт може да се организира и реализира во различни манифестни форми и облици зависно од законските прописи во дадена држава, интерни универзитетски правилници, препораки од соодветно министерство за млади и спорт, надлежни агенции за млади и спорт и други надежни институции и органи. Различните форми на организација во голема мерка зависат од политиката на Универзитетите, но и од материјалните и кадровските услови. Во тој контекст, спортот на универзитет може да биде организиран во неколку сегменти:

- Спорт како изборен или задолжителен наставен предмет во склоп на студиските програми на различни факултети;
- Спорт како натпреварувачка форма меѓу факултетите во рамките на Универзитетот, Универзитетите во рамките на државата и Меѓународни универзитетски спортски натпреварувања
- Спорт на универзитетите како содржина на слободното време за студентите и вработените на Универзитетите.

Имајќи ги предвид различните форми на реализација на спортот на Универзитетите, предмет на интерес на овој труд се законските одредби и регулативи со кои се уредува спортот на Универзитетите во неколку Балански земји со акцент на состојбата во Република Македонија и органзиацијата на универзитетскиот спорт на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## 3. ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ ЗА ЗАСТАПЕНОСТА НА СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ ВО СРБИЈА, СЛОВЕНИЈА, БУГАРИЈА, ХРВАТСКА И МАКЕДОНИЈА

Како што веќе споменаве, спортот на Универзитетите има разлочна организација и поставеност како во рамките на различни земји, така и во рамките на различни Универзитети во една држава. Поради големиот број на варијации, како појдовна основа во оваа анализа се искористени законските регулативи со кои се уредува Универзитетскиот спорт. Анализирани се одредбите во законодавствата од областа на високото образование и релевантните документи за застапеноста на спортот и спортските активности во високообразовните институции во Република Србија, Република Словенија, Република Бугарија и Република Хрватска и секако во Република Македонија.

Високото образование во **Република Србија** е уредено со помош на Законот за високо образование. Во овој закон не постојат законски одредби со кои се уредува застапеноста на спортската активност во високообразовните институции. Задолжителната настава по физичко воспитување на високообразовните институции во Република Србија е укината пред 19 години. Пред да биде укината, наставата по физичко воспитување била задолжителна за студентите од прва година, а факултативна за студентите од втора година. Физичкото воспитување било сметано за интегрален дел на наставниот процес наменето за подобрување на здравствените и физичките способности на студентите. Спортската активност на високообразовните институции во Република Србија се одвива во рамките на активностите на Универзитетскиот спортски сојуз на Србија, каде што членуваат шестте државни универзитети.

Универзитетскиот спортски сојуз спроведува натпреварување во повеќе екипни и индивидуални спортови на ниво на секој универзитет во вид на студентска лига. Според одредени неофицијални податоци, со овие спортски активности се опфатени околу 10 000 студенти од вкупно запишани 195 000 студенти на државните универзитети во Република Србија. На почетокот на секоја академска година се организира и Куп натпреварување, под назив „Куп ректора“, во рамките на кој студентите се натпреваруваат во 4 до 8 спортови. Од универзитетите во Република Србија, само на Универзитетот во Белград постои универзитетски спортски центар, додека на останатите универзитети нема студентски спортски објекти, освен салите и терените при факултетите за спорт и физичка култура.

Високото образование во **Република Словенија** е уредено со помош на Законот за високо образование. Во овој закон нема одредби со кои се уредува застапеноста на спортската активност во високообразовните институции. Оттука надлежни за организација на спортот на Униеврзитетите се самите Универзитети. Анализата на програмите на двата најголеми Универзитети во Репоублика Словенија, Универзитетот во Љубљана и Универзитетот во Марибор укажува на солидна поставеност и организација на универзитетскиот спорт.

На Универзитетот во Љубљана, физичкото воспитување претставува изборен предмет. Пред воведувањето на Болоњскиот систем, физичкото воспитување претставувало задолжителен предмет, но со ревизијата на системот, овој предмет станал изборен. На студентите им се дава можност да избираат помеѓу голем број на спортски активности. Начинот на одвивањето на наставата и бројот на кредитите се разликува во зависност од програмата на секој од факултетите.

Според Статутот на Универзитетот во Марибор, студентите имаат право и обврска да учествуваат во културни, спортски и други активности надвор од редовната настава. Спортот претставува важен составен дел на Универзитетот уште од своето основање. Физичкото воспитување претставува задолжителен дел од наставниот процес на Универзитетот. Дополнително, како резултат на реформата на наставниот процес, секој факултет во рамките на својата наставна програма има предвидено изборни предмети од областа на спортските активности. Овие предмети се вреднуваат со кредити и претставуваат интегрален дел од учебната програма на студентите .

Во **Република Бугарија**, застапеноста на спортските активности во високообразовните институции е регулирано со Законот за физичко воспитување и спорт. Физичкото воспитување и спортот се неразделен дел од образованието на студентите и се остваруваат во вид на задолжителни и факултативни активности. Минималниот фонд на часови за задолжителните активности по физичко воспитување и спорт изнесува 60 часа годишно за сите студенти на додипломски и постдипломски студии. Наставните програми по физичко воспитување и спорт се развиваат во согласност со предлозите на Студентскиот совет, притоа земајќи го во предвид профилот на секоја високообразовна институција.

Во рамките на високообразовните институции овозможено е тренирање и натпреварување во одредени спортови, кое се одвива на доброволна основа преку студентските спортски клубови. Универзитетите го поттикнуваат создавањето и развојот на студентски спортски клубови и ги помагаат нивните активности. На факултетите им е оставена можност да го прилагодуваат наставниот процес на истакнатите студенти-спортисти во склоп со нивните тренажни и натпреварувачки активности. За одредени истакнати студенти-спортисти, високообразовните институции предвидуваат специјални стипендии.

Високото образование во **Република Хрватска** е уредено со Законот за наука и високо образование, донесен во 2003 година. Дополнително, областа на високото образование се уредува со Законот за обезбедување на квалитет во науката и високото образование , Законот за академски и стручни звања и академски степени и Законот за признавање на странските образовни квалификации . Од друга страна, спортот и спортските активности во Република Хрватска се уредуваат со Законот за спорт , донесен во 2006 година, како и со Законот за инспекција во спортот. Законот за наука и високо образование предвидува дека спортските активности се дел од наставните програми на високообразовните институции во Република Хрватска, според кој високообразовните институции во Република Хрватска во рамките на своите наставни активности се обврзани да промовираат физичка култура и студентски спорт. Истите се остварубваат од страна на студентски спортски здруженија здружени во студентски спортски сојуз. Ова здружување има за цел воспоставување и водење на системот на спортско натпреварување во рамки на високообразовната институција. Студентските спортски сојузи на високообразовните институции во Република Хрватска, со цел усогласување на активностите на своите членови, организација на натпреварувања и грижа околу статусот на студентите кои се спортисти, се здружуваат во Сојузот на академски спортови на Хрватска. Сојузот на академски спортови на Хрватска претставува чадор организација на студентските спортови во Република Хрватска , со статус на национален спортски сојуз

Анализата на законските регулативи и релевантни документи со кои се уредува спортот на Универзитетите во наведените држави, може да се согледа дека спортските активности се задолжителни на високообразовните институции во Република Бугарија и Република Хрватска, укинати се во Република Србија, додека во Република Словенија е оставено на самите универзитети и факултети да ја уредат застапеноста на спортските активности во рамките на нивните наставни програми. Ова остава многу простор на Универзитетите за органзиација и делување во рамките на униеврзитетскиот спорт во насока на негово развивање и промоција.

**4. СОСТОЈБА НА СПОРТОТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Со Законот за спортот се уредуваат условите и начинот на вршењето на дејноста спорт заради остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и други прашања од значење за спортот. Согласно членот 2 од овој закон спортот претставува дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Во однос на регулирање на спортот во високото образование овој закон содржи само две одредбите кои се однесуваат на спортот во образованието, односно на спортот во високото образование. Имено членот 33 став (3) предвидува дека отсуството на спортист ученик, односно студент од настава, заради вршење на спортски тренинг и натпревари, се уредува во согласност со соодветните закони од областа на образованието. Додека пак со став (1) од членот 57 се утврдува дека спортски манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови утврдени со овој закон. Овој закон како и неговите измени и дополнување не содржат други одредби кои непосредно ја регулираат застапеноста на спортот во високото образование.

Законот за спортот содржи одредба (член 23 став 1) која ја предвидува надлежноста на Владата да донесе програма за развој на спортот за период од пет години. Ваква "Програма за развој на спортот во Република Македонија за периодот 2013-2017 година", е донесена на 03.01.2013 година и е објавена во Службен весник на Република Македонија бр. 4/2013 година. Во оваа програма посебна точка (точка И.3) е посветена на унапредување на училишниот и универзитетски спорт. Со тоа законот дава посредна можност за донесување на стратегии или програми кои се однесуваат на спортот во високото образование.

Оттука, покрај законската можност за донесување на програми и стратегии за развој на спортот, во Република Македонија нема законска обврска за организирање на спортски активности на Универзитетите, односно оваа одлука е оставена на самите Универзитети и соодветните органи за спорт во рамките на истите. Ова од своја страна може да има истовремено предности и недостатоци, односно да зависи директно од афинитетите и ставовите за спортот на раководните лица на Универзитетите. Во насока на ова, се забележува голема разноликост во делот на универзитетскиот спорт во рамките на Универзитетите во Р. Македонија, односно на дел од универзитетите истиот е застапен како посебен предмет, на дел постои само во форма на меѓууниверзитетски лиги и сл.

Сумирано на државно ниво, заедничко за сите Универзитети во Република Македонија во делот на универзитетскиот спорт е нивното обединување од страна на Универзитетската спортска федерација на Македонија како орган кој е задолжен за организација и реализација на Државни универзитетски лиги и натпревари во различни спортови. Оваа федерација ги координира универзитетите и во однос на нивните настапи на Европски и Светски Универзитетски првенства и Шампионати. Иако во изминатата деценија овие натпревари беа традиција во делот на универзитетскиот спорт, за жал, поради актуелната финансиска ситуација и бројни организациски проблеми, во последните две години меѓууниверзитетските натпревари и универзитетските државните лиги не се одржуваат.

## 5. СОСТОЈБАТА СО УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СПОРТ НА УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

За разлика од генералната состојба со универзитетскиот спорт во Република Македонија, состојбата со спортот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип бележи тенденција на подобрување во изминатите неколку години. Иако млад Универзитет, конституиран во 2007 година, позицијата на спортот е поставена на релативно високо рамниште и истиот се користи како форма за подобрување на активноста на студентите, но и за промоција на универзитетот во меѓународни рамки. Во тој контекст како основен двигател на спортските активности на универзитетот се јавува Универзитетскиот спортски центар основан во 2010 година. Истиот преставува основна движечка сила на сите спортски активности на студентите.

Почнувајќи од учебната 2009/2010 година, како задолжителен предмет за сите редовни студенти во прва година се воведува предметот Спорт и рекреација. Истиот е со статус задолжителен, со обврска за редовно посетување на настава, односно практични вежби од овој предмет, без вреднување со завршна оценка и кредити. Предметот се реализира на сите факултети и во сите девет настави центри каде Универзитетот има диспензирани студии. Покрај ова, студентите имаат можност за факултативно учество во одредени програми по спорт, учество во универзитетски лиги во различни спортски дисциплини кои во континуитет се одвиваат секоја година по повод патрониот празник на Универзитетот. Покрај овие активности, студентите имаат можност во вклучување во организирани пешачења и планинарски тури кои се организираат секој месец, курс по скијање кој се организира во тек на зимските месеци и сл. Најуспешните екипи од универзитетската лига го претставуваат универзитетот на Државните универзитетски натпревари но и на меѓународни натпреварувања.

Меѓународните спортски натпреварувања како форма на промоција на универзитетот и универзитетскиот спорт во континуитет се дел од спортската програмата на УГД. Забележителнли се континуираните учества и успеси на каратистите на Европските и Светските универзитетски шампионати во карате (едно прво место во 2013 година, 3 трети места во 2011, 2012 и 2014 година и едно второ место во

екипна конкуренција во 2014 година). Покрај ова студентските екипи 2 години по ред учествуваат на меѓународен универзитетски турнир во одбојка на плажа (2014 и 2015 година), како и учества на Универзитетски спортски игри во Истанбул, Турција во 2015 година (трето место футсал) и Универзитетски спортски игри во Антверпен, Белгија во 2016 година каде покрај двете трети места во футсал – мажи и одбојка – жени, екипата на УГД го доби и највисокиот трофеј на игрите, Трофејот за фер плеј и етика во спортот Енрико Пранди кое е највисоко признание од универзитетскиот спорт доделено од страна на Интернационалниот Олимписки Комитет.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Универзитетскиот спорт е неминовност на современото време и современиот живот. Различните форми на спортот и физичкото образование имплементирани во образованието на се отскочна даска за вклучување во спортот и физичка активност во тек на целиот живот. Од друга страна, вклучувањето во спорт и спортски активности на универзитетите претставува последна можност за институционално делување во насока на развивање на свеста и потребата за редовна физичка активност и стекнување на навики за здрав и активен живот. Оттука потребата од негово системско развивање и организирање како и поголемо вклучување на сите субјекти, во насока на промоција на здравјето и активниот живот на студентите.

Анализата на законските документи во различни држави од Балканот укажува на разноликост во однос на организацијата и реализацијата на универзитетскиот спорт. Искуствата покажуваат дека секаде каде универзитетскиот спорт е законски регулиран и уреден се обезбедува негова поефикасна имплементација во образованиот систем и подобра организација на самите универзитети. Во таа насока потребни се одредени промени во универзитетскиот спорт во Република Македонија во насока на законско регулирање на истиот, поттикнување на релевантните институции во прв ред финансиска поддршка од страна на Агенцијата за Млади и спорт како надлежен орган, но и Федерацијата на Универзитетски спорт на Република Македонија во смисла на поефикасно континуирано одржување на натпреварите и обединување на сите универзитети. Последна, но секако можеби најзначајна алка од целиот систем, се делувањето на спортските кадри на универзитетите во насока на афирмација на спортот и спортските активности, организација на бројни натпревари за студентите и вработените, реализација на истражувања со кои и научно ќе се потврди и оправда имплементацијата на спортот на универзитетите. Единствено со заедничко делување на сите наведени субјекти може да се делува во насока на подобрување на позицијата на универзитетскиот спорт во пошироки рамки.

## 5. ЛИТЕРАТУРА


[1] Andrijašević, M., Paušić, J., Bavčević, T & Ciliga, D. (2005). Participation in leisure activities and self-perception of health in the students of the University of Split. Kinesiology 37(1), 21-31.S. K. Goyal, An integrated inventory model for a single supplier-single customer problem, International Journal of Production Research, vol.15, pp. 107-111, 1977.

[2] Andrijašević, M., Ciliga, D., & **Jurakić. (2009).** Is sports recreation important to university students? Collegium Antropol. **33(**1), 163–168.

[3] Buckworth, J. (2004) Physical activity, exercise, and sedentary behavior in college students. *Journal of American College Health, 53*(1), 28 – 34.

[4] Buckworth, J., & Nigg, C. (2004). Physical Activity, Exercise, and Sedentary Behavior in College Students. *Journal Of American College Health, 53*(1), 28 – 34.

[5] Bouillet, D. (2008). Slobodno vrijeme zagrebačkih studenata: prilika za hedonizam ili samoostvarenje. *Sociologija i prostor, 46*(3–4), 341–367.

[6] Colleen, S., Conley, C., Travers, L., & Bryant, F. (2013). Major article promoting psychosocial adjustment and stress management in first-year college students: the benefits of engagement in a psychosocial wellness seminar. *Journal Of American College Health, 61(2), 75 – 86.*

**[7]** Gošnik, J., Špehar, N & Fučkar Reichel,K.*()* Perspektiva kolegija tjelesna i zdravstvena kultura na visokim Učilištima - bodovanje predmeta u ects-u. *17 Ljetna Škola Kineziologa Republike Hrvatske,* [In Croatian: The future of subject physuical and health culture at high schools – obtaining ECTS], 17 Summer school of kineziologist] pp. 278 – 283**.**

[8] Jovanovski, J. (2013). Anthropomotorics, Skopje: Faculty of Physical education.

[9] Haywood, K., & Getchell,N. (2004) Life span motor development. Champaign: IL. Human Kinetics.

[10] Kukolj.M. (2006) Anthropomotortics. Beograd: Faculty of Sport and Physical education

[11] Malina, R., Bouchard, C., Bar – Or, O. (2004). Growth, Maturation and Physical Activity (second edition). Champaign: IL. Human Kinetics.
[12] Milanović, Z., Sporiš, G., Trajković, N., Vračan, D., Andrijašević, M., Pantelić, S., & Baić, M. (2013) Attitudes towards exercise and the physical exercise habits of University of Zagreb students. *Annales Kinesiologiae, 4* (1), 57- 70.
[13] Markelj,M., Kugovnik, O., & Majerič, M. (2005). The role of university sport is much more important than we think. U D. Milanović, & F. Prot (Ur.), 4th International Scientific Conference on Kinesiology - Science and Profession – Challenge for the Future (pp. 738 - 740). Zagreb: Faculty of Kinesiology, University of Zagreb.
[14] *Nuviala, A, Gómez- López, M., Pérez Turpin,J., & Nuviala, R. (2011).* Lifestyle and Physical Education. *Journal of Human Kinetics*, *27*,147-160.
[15] Petry, K., Froberg, K., Madella, A &Tokarski, W. (2008). Higher Education in Sport in Europe. From Labour Market Demand to Training Supply. Meyer &Meyer Sport (Uk).
[16] Петровиќ, Д., „Универзитетски спорт у РС“, Министерство за млади и спорт на Република Србија, Белград, 2014, стр. 2
[17] Popeska, B., & Sivevska, D (2013) Place of living and socio - economic status of students as a factors in organization of their leisure time, *5th International Scientific Conference of Modern Trends of Physical Education and Sport,* 08.11 – 09.11.2013 ISSN 1314-2275 (pp. 291 – 300). Sofia: University Ss. Kliment Ohridski, Sport Department, Bulgaria.
[18] Popeska, B., Janevik - Ivanovska, E., Barbareev, K., & Jovanova – Mitkovska, S. (2014) Sport and recreation activities at the “Goce Delcev” University - Shtip, Republic of Macedonia - differences in students opinions for its realization in dependence on certain characteristics, 9th FIEP European Congress, Physical Education and Sport – Competences for Life, 7th International Scientific Conference”Sport, Stress and Adaptation”, 9 – 12 October, 2014, (pp. 210-217). National Sport Academy “Vasil Levski”, Sofia, Bulgaria. Book of abstracts Sport& Science Extra Issue, 2014.
[19] Stone EJ, McKenzie TL, Welk GJ, & Booth M. (1998). Effects of physical activity interventions in youth: review and synthesis. *Am J Prev Med. 15,* 298–315.
[20] Tappe. M., Cburgeson, C. (2004) Physical Education: A Cornerstone for Physically Active Lifestyles. Physically Active Lifestyles 281 JOURNAL OF TEACHING IN PHYSICAL EDUCATION, 23, 281-299
[21] ŠTomova, D. (2012) The function of sport in higher education. *Activities in Physical Education and Sport, 2*(1), 117 – 120.
[22] Zakon o visokem šolstvu („Службен весник на Република Словенија“ бр. 67/93, 39/95, 18/98, 35/98, 99/99, 64/01, 100/03, 134/03, 63/04, 100/04, 94/06, 119/06, 59/07, 15/08, 64/08, 86/09, 62/10, 34/11, 78/11, 32/12, 40/12, 57/12, 109/12)
[23] Закон за физическото възпитание и спорта („Службен весник на Република Бугарија“ бр. 58/1996, 53/1997, 124/1998, 51/1999, 81/1999, 53/2000, 55/2000, 64/2000, 75/2002, 95/2002, 120/2002, 96/2004, 88/2005, 103/2005, 30/2006, 34/2006, 36/2006, 41/2007, 46/2007, 50/2008, 74/2009, 50/2010, 96/2010, 35/2011, 99/2011, 45/2012, 87/2012, 102/2012, 15/2013, 68/2013, 21/2014, и 66/2014)
[24] Zakon o znanstvenoj djelatnosti i visokom obrazovanju („Службен весник на Република Хрватска“ бр. 123/03, 198/03, 105/04, 174/04, 02/07, 46/07, 45/09, 63/11, 94/13, 139/13, 101/14 и 60/15)
[25] Zakon o osiguravanju kvalitete u znanosti i visokom obrazovanju („Службен весник на Република Хрватска“ бр. 45/09)
[26] Zakon o akademskim i stručnim nazivima i akademskom stupnju („Службен весник на Република Хрватска“ бр. 107/07 и 118/12)
[27] Zakon o priznavanju inozemnih obrazovnih kvalifikacija („Службен весник на Република Хрватска“ бр. 158/03, 198/03, 138/06 и 45/11)
[28] Zakon o sportu („Службен весник на Република Хрватска“ бр. 71/06, 124/10, 124/11, 86/12 и 94/13)
[29] Zakon o sportskoj inspekciji („Службен весник на Република Хрватска“ бр. 86/12)
[30] World Health Organization (2004) Global strategy on diet, physical activity and health. Fifty – sevent world assembly, WHA57.17. Agenda item12.6. Retrived, July30, 2014 from www.who.int.
[31] World Health Organization (2004) Global recommendations on physical activity for health. Retrived July 30, 2014 from:www. who.int.